Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-192/2

16-03-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-192/1 од 27.2.2023 година поднесена од ..., против Собранието на Република Северна Македонија, за извршена дискриминација врз основа на пол, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 16.3.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на пол во областа на изборното право, сторена од страна на Собранието на Република Северна Македонија вр?

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-192/1 од 27.2.2023 година од торена дискриминација врз основа на пол во областа на изборното право од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Подносителот на претставката го смета член 153-а од Изборниот законик за спорен и вели дека истиот е дискриминирачки кон мажите кои се наоѓаат на листата на кандидати за пратеници. Имено, истакнува дека членот 153-а од Изборниот законик претставува исклучок на правилото од член 153 кое предвидува дека ако на пратеник кој е избран од листата на кандидати му престане мандатот, тогаш за остатокот од мандатот, пратеник на Собранието станува наредниот кандидат од листата. Па така, согласно исклучокот содржан во членот 153-а, ако е жена пратеникот кој е избран од листата на кандидати, а на кого му престанал мандатот, тогаш за остатокот од мандатот, пратеник во Собранието станува наредниот кандидат од листата жена.

Токму оваа одредба од Изборниот законик подносителот на претставката ја смета за дискриминирачка. Во таа насока, тој се повикува на член 9 од Уставот на Република Северна Македонија каде се вели дека „ Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви." Подносителот на претставката вели дека принципот на еднаквост не смее да биде во судир со заштитата на човековите права и основни слободи, а дека опсегот на тие права во остварувањето на родова еднаквост мора да се базира на принципот на пропорционалност, без спротивниот пол да биде доведен во подредена положба. Во овој случај, подносителот смета дека помалку застапениот пол се мажите, кои можат да се повикаат на злоупотреба на правата, а дополнително вели дека законските решенија не се на линија на елиминирање на структурните причини за нерамномерна распределба на моќ меѓу мажите и жените, туку дека истите претставуваат надмоќ во политичкиот, јавниот и економскиот сектор.

Од наводите во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај станува збор за мерка на афирмативна акција, односно т.н. позитивна дискриминација, што претставува исклучок од забраната за дискриминација.

Имено, **член 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** гласи:

*„**Нема да се сметаат за дискриминација** мерките и дејствата што се преземаат со единствена цел да се отстрани нееднаквото уживање на човековите права и слободи сè додека не се постигне фактичка еднаквост на лице или група, ако разликувањето е оправдано и објективно, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно соодветни и неопходни".*

Исклучоците од дискриминација се исто така предвидени и во бројни меѓународни и домашни правни акти кои се однесуваат на родовата еднаквост. Поконкретно, во **член 4 став 1 од Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените**, која РСМ ја има ратификувано во 1994 година, предвидено е дека *„ усвојувањето на посебни привремени мерки од страна на државите членки, што имаат за цел да се забрза остварувањето на рамноправноста на мажите и жените де факто, **не се смета за дискриминација**."*

Оваа материја е разработена и во домашното законодавство, меѓудругото, преку **Законот за еднакви можности на жените и мажите** (Службен весник на РСМ бр. 6/12, 30/13, 166/14, 150/15 и бр. 53/21 од 5.3.2021). Поконкретно, **член 7** од споменатиот Закон предвидува:

*„Посебните мерки се привремени мерки кои се преземаат со цел да се надмине постоечката неповолна општествена положба на жените и мажите, а која е резултат на систематска дискриминација или структурна родова нееднаквост произлезена од историски и социокултурни околности.*
*Посебните мерки се насочени кон отстранување на пречките или давање на посебен придонес и поттикнувања заради остварување на еднакви појдовни позиции на жените и мажите, еднаков третман, балансирано учество или еднаков општествен статус, развивање на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој и еднакво користење на придобивките од тој развој.*
*Посебните мерки вклучуваат:*
*- позитивни мерки се мерки со кои при еднакви услови се дава приоритет на лица од помалку застапениот пол, се додека не се постигне еднаква застапеност или не се постигне целта заради која се преземени. Позитивните мерки особено ќе се применуваат во сите органи и на сите нивоа во областа на законодавната, извршната и судската власт и во други органи и организации, во локалната власт, како и во сите други јавни установи и служби, во политичките партии при вршењето на политичките функции, комисии и одбори, вклучувајќи и учествување во телата што ја претставуваат државата на меѓународно ниво додека не се постигне еднаква застапеност,*
*- охрабрувачки мерки се мерки кои обезбедуваат посебни поттикнувања или воведуваат посебни поволности со цел да се елиминираат околностите кои доведуваат до нееднакво учество на жените и мажите или нееднаквиот статус на еден наспроти друг пол или нееднаква дистрибуција на општествените добра и ресурси и*
*- програмски мерки се мерки кои се насочени кон подигање на свеста, организирање активности и изработка и спроведување на акциони планови за поттикнување и унапредување на еднакви можности."*

Меѓу субјектите одговорни за усвојување и спроведување на мерките за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, Законот изречно го вбројува и Собранието на РСМ и ги определува неговите обврски, во смисла на тоа дека Собранието во рамките на своите надлежности се грижи за елиминација на сите форми на дискриминација врз основа на пол и подобрување на општествениот статус на жените, го интегрира принципот на еднакви можности на жените и мажите во законските иницијативи, политиките и програмите; организира јавни дебати и расправи за прашања од областа на еднаквите можности на жените и мажите; ги анализира и дава

мислења за влијанието на законските одредби врз статусот на жените и мажите, бара извештаи и документација од надлежните институции во однос на сферата на работа и подготвува и објавува извештаи за својата работа.

Согласно вака поставената регулатива, принципот на еднаквост, на кој подносителот на претставката се повикува, не се однесува само на формалната еднаквост и забраната за дискриминација. За да се постигне вистинска, фактичка еднаквост, законодавството дозволува да различно постапување помеѓу индивидуите врз основа на нивниот пол, доколку таквиот различен третман служи за да се поправи постоечката неповолна состојба изразена како долготрајна, недоволна застапеност во политичката сфера и во органите на политичко одлучување.

Впрочем, во сферата на родова еднаквост, наспроти забраната за дискриминација, за законодавецот постои и обврска за афирмативна акција што налага преземање посебни мерки заради унапредување на учеството на жените во претставничките органи на власта. Овие посебни мерки, меѓу кои спаѓа и одредбата од член 153-а од Изборниот законик, претставуваат исклучок од забраната за дискриминација бидејќи се во функција на остварување на легитимна цел, а тоа е фактичка еднаквост меѓу половите преку балансирано учество на мажите и жените во политичкото одлучување. Со оваа одредба Собранието практично ги имплементира обврските од Законот за еднакви можности на мажите и жените кои се однесуваат на посебните мерки на афирмативна акција.

Дополнително, член 153-а е во директна корелација со член 64 став 5 од Изборниот законик кој предвидува дека „во поднесената листа на кандидати за пратеници и за членови на совет на општината и градот Скопје, најмалку 40% од кандидатите му припаѓаат на помалку застапениот пол и тоа на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места." Имено, одредбата од член 64 има за цел да овозможи полесен пристап, односно влез на жените во Собранието, додека пак одредбата од член 153-а има за цел да го одржи константен бројот на местата освоени од жени кандидати, во текот на целиот мандат на Собранието, односно да спречи тој број да се намали доколку дојде до предвремен престанок на мандатот на некоја од пратеничките. Дотолку повеќе, согласно мислењето на Уставниот суд на РСМ од Решението У.бр.88/2022 од 25.1.2023 година, оваа одредба освен што е оправдана со принципот на афирмативна акција, таа е и пропорционална бидејќи се применува само во случај кога испразнетото пратеничко место припаѓало на жена пратеник, а не и во случај на предвремен престанок на мандатот на пратеник од машки пол.

Имајќи го ова предвид, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај станува збор за мерка на афирмативна акција, односно мерка која согласно важечките прописи, не се смета за дискриминација.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на пол од страна на Собранието на РСМ.

Скопје
16.3.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
Гетово